**З А П И С Н И К**
**од 35-та седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 30.04.2024 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Марина Поповска, Томе Милошовски и Катерина Огненовска. На седницата беше присутен претставник од детска градинка „ Втори Септември" Цане Трајчевски, претставници на ЦКИ „Небо" Суводол, инвеститорите на фотоволтаици во Слепче МЕГАВОЛТАИК ДОО Скопје и претседателот на ЛЕСС Демир Хисар Ненад Шундовски и претставник на фудбалската федерација на Македонија Љупчо Ристевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 34 та седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 10 „за".

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за период 01.01.2024 до 31.03.2024 година.
2. Донесување на План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2024 година
3. Донесување на Решение за именување на Предлог листа на кандидати за Претседател и членови на Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата.
4. Донесување на Одлука за кофинансирање на проект ,,Реновирање на селскиот дом во с.Суводол".
5. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. Советничката Сандра Пејковска предложи точката 5.Разгледување на состојбата во СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар да се повлечи од дневниот ред, бидејќи советот нема недлежност. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни точката е ставена на дневен ред на мој предлог, имаше рекција од професори и ученици во средното училиште, дека професорка од училиштето правела проблеми и вработените таму и учениците не се чуствувале безбедно. Целта беше да се разговара со директорката да се најде соодветно решение во интерес на сите и професорката да не остани без работа и да се реши проблемот на соодветен начин, да не се повтори како предходно со професор кој остана без работа поради непреземање на соодветни мерки. Нашата надлежност ја гледав во таа насока да реагираме. Советничката Сандра Пејковска додаде исто требаше и за професорот предходно да се искористат соодветните мерки и да се реши проблемот. Но да се расправа на седница на совет мислам дека е нехумано и нечовечки да се споменуваат имиња и ситуации, тоа треба институционално и професионално да се реши, личноста ни била професорка. Директорката нека си постапи. Советничката Марина Димитријовска се согласи ако се расправа на седницата нема ништо да се постигне. Исто и советникот Аце Јанкуловски се согласи овај проблем да се реши во самата инстуција. Ако советниците не се согласуваат нека се повлечи точката, да се надеваме дека нема да се случи несакана ситуација, додаде Претседателот на Советот Љупчо Најдовски самата институција нека го реши проблемот. Предлогот да се повлечи точката од дневниот

ред беше ставена на гласање. За предлогот гласаа 9 „за“ 1 „воздржан“ против немаше. Советничката Сандра Пејковска предложи да се повлечи и точката 6. Разгледување на состојбата со игралиштето во с.Слепче и изградбата на фотоволтаици во негова близина. Исто и за ова советот не е надлежен. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни оваа точка е ставена на дневен ред на барање на МЗ Слепче и претставник на ФФМ Љупчо Ристевски. Потоа објасни има реакција, бидејќи парцелата каде сега се поставуваат фотоволтаици зафаќа дел од игралиштето во Слепче. Предходно кога се градело фудбалското игралиште сопственикот на парцелата на која сега се поставуваат фотоволтаици отстапил дел од парцелата за изградба на игралиштето, а за сметка на тоа му било отстапено земјиште на другиот дел каде сопственикот си ја оградил парцелата со изградба на ѕид, но тоа не било спроведено во катастар. Сега сопвеникот ја продал парцелата, а со тоа и делот од игралиштето. Ако се одземи тој дел од игралиштето тоа игралиште повеќе нема функција. Ненад Шундовски истакна ЛЕСС на општина Демир Хисар иницира за привлекување на инвеститори реализација на проекти, а од друга страна не е коректно да се расправа за ова на седница на совет се испраќа несоодветна порака кон инвеститорите, не дека не сме разговарале со месната заедница и со претставникот на ФФМ Љупчо Ристевски. Парцелата е чиста не е ништо спорно изготвена е целата документација има изготвено елаборат, свесни сме дека има проблем понудивме и решение, но со ваков пристап само се испраќа неубава порака кон инвеститорите. За решението кое го нудиме подетално ќе расправаме кога ќе дојди точката на дневен ред. Да се преформулира точката да се најде нова парцела. Да се преформулира точката се согласи советничката Сандра Пејковска, потоа додаде немаме надлежност да се запазат процедурите и законот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни имаше реакција од месната заедница ние сме нивни претставници, целта ми беше да се најде решение да се разговара на седницава, спогодбено да се реши тоа. Овде никого не обвинуваме, овде имаме инвеститори и во интерес на сите е да се најде соодветно решение да нема навредена страна. Ненад Шундовски во својство на Претседател на ЛЕС на општина Демир Хисар повторно зеде збор да објасни. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски го прекина и понатамошната расправа ја насочи на страна на советниците со образложение присутните го кажаа своето мислење за формулирање на дневниот ред одлучуваат советниците. Советникот Аце Јанкуловски предложи да се најде решение, а советничката Сандра Пејковска предложи да се преформулира точката како Разгледување на можноста за изградба на ново фудбалско игралиште во Слепче. Откако му беше даден збор Претставникот Љупчо Ристевски објасни во интерес на сите е да се најде заедничко решение станува збор за мал дел од парцелата за да може да ја задржи функционалноста игралиштето од 200м2 може да се компензира еден дел од палцелата да се направи отстапување, а да се помести во насока на другиот дел тие парцели се на РМ. Кога се градело игралиштето, бидејќи му била потребна квадратура со спогодбен договор сопственикот отстапил дел од парцелата, а за сметка на тоа неговата парцела била проширена на другиот дел при што сопственикот си го оградил проширениот дел и изградил и ѕид. Во тој период Месната заедница беше правен субјект и можеше да учествува во вакви постапки. Овај проблем е од јавен интерес треба да се мисли и на другите генерации, можи во иднина да има и фудбалски клуб во Слепче, а да нема игралиште. Се работи за мала квадратура и поместување на границите на парцелата која е предмет на инвестицијата. Нема населението да остане рамнодушно, затоа во интерес на сите е да се најде решение. Ненад Шундовски објасни согласно законските одредби неможи да се прават отстапки од парцелата наменета за градба, по основниот проект ќе се постават 424 панели. Инвеститорот додаде согласно основниот проект на тој дел нема да има панели, но парцелата мора да се огради и да се остави пат за противпожарна заштита. Се согласи дека треба да се најде решение да се најде друга парцела и да се изгради игралиштето, исто така тие даваат подршка децата да се занимаваат со спорт и затоа стојат на располагање да учествуваат за изградба на ново игралиште. Реалната состојба е таа што тука неможи да има игралиште тоа е објект кој има висок напон и тука нема да можи да играат деца, не е безбедно тоа место да се користи за игралиште. Мора да се најде друга соодветна парцела. Љупчо Ристевски додаде овде предходно се направени доста пропусти тука има игралиште, населението доброволно ги отстапуваше парцелите за изграбна на игралиштето населението само ги изгради тоа игралиште, за изнаоѓање друга парцела не е можно

нема таква парцела. Инвеститорите се согласија да излезат на терен да најдат соодвета парцела да се најде решение за проблемот. Претставникот од општината Катерина Огненовска објасни нема можност да се поместува парцелата одобрението и проектот се однесува за таа КП и неможи да се отстапува од тоа. Пресеадтелот на Советот Љупчо Најдовски ја прекина во дискусијата и рече кога ќе даде збор тогаш ќе објасни. На ова реагираше претставничката Огненовска ако нема потреба да се објаснува нема потреба и да присуствува на седницата и во иднина ќе ги изготвува материјалите, но нема да присуствува на седниците. После целата дискусија и расположението на двете страни да се најде решение Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја повлече точката од дневниот ред, бидејќи проблемот може да се реши надвор од советот, исто така свесен е дека на оваа седница нема законска основа да се носи некоја одлука, но во интерес  и на инвеститорите и на населението да се најде заедничко решение, не е во ред да се инвестира ако има проблем со населението. Бидејќи други предлози немаше предложениот дневен ред од кој се повлекоа точката 5 и 6 беше ставен на гласање. Со 11 „за“ беше усвоен дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за период 01.01.2024 до 31.03.2024 година***

Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за период 01.01.2024 до 31.03.2024 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот ибјаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска праша дали се усогласи разликата од 40.000 која беше констатирана во извештајот и завршната сметка. Претставникот Марина Поповска објасни се усогласи тоа е персоналниот данок беше пропуште. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 2. План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2024 година***

Планот за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2024 година беше донесен од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За планот објаснување имаше претставникот Томче Милошовски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се планира и косење на дел од пат во с.Журче. Претставникот Томче Молошовски објасни планот е за одржување на општински патишта тој дел е улица тоа неможе да се опфати со овој план. Дискусија повеќе немаше. За донесување на планот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 3. Решение за именување на Предлог листа на кандидати за Претседател и членови на Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата***

Во врска со Решението за именување на Предлог листа на кандидати за Претседател и членови на Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата претставникот Томче Милошовски објасни вакво решение советот донесе на 13.04.2022 година истото беше проследено до републичкиот совет. Од нивна страна требаше да добиеме согласнот. Но од нивна страна не беше постапено. Пред извесно време се сменил составот на републичкиот совет, објаснија дека е направен пропуст од нивна страна и побараа од нас да ја повториме постапката. Од тие причини повторно е на дневен ред. Претседателката на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска објасни оваа точка се разгледуваше на комисијата и се одлучи да се потврди истиот состав само на местото од Марио Стојановски кој не живее повеќе во Македонија да биди Марија Христовска од Демир Хисар. Претставникот Томче Милошовски додаде дека од составот треба да се именува и претседател. Советничката Сандра Пејковска предложи за претседател да биди Оливер Јанкуловски од с.Вардино и членови Дамјан Николовски од с.Белче, Горан Пирковски од с.Слепче, Филип Најдовски од с.Журче, Добре Илиевски од с.Мренога, Гоце Велковски од с.Суводол и Марија Христовска од Демир Хисар. Други предлози немаше. Со 11 „за“ беше донесено Решението.

***ТОЧКА 4. Одлука за кофинансирање на проект ,,Реновирање на селскиот дом во с.Суводол“***

За Одлуката за кофинансирање на проект ,,Реновирање на селскиот дом во с.Суводол објаснување имаа претставниците на ЦКИ „Небо“ од с.Суводол. Имено со овај проект се планира да се реновираат

4 простории во селскиот дом во Суводол во западното крило. Треба да се сменат прозорци и да се санира кровот на тој дел. Советникот Сашо Михајловски забележа во барањето има наведено колку средства се потребни и што да се смени на кровот, но познавајќи ја фактичката состојба треба многу повеќе средства, таму има проблем со покривот мора тој да се среди. Претставниците на ЦКИ "Небо" објаснија дека направен е увид од стручно лице и направена е предмер пресметка што треба да се санира само на западното крило. Потребни се вкупно 184.000 денари дел се од општината дел ќе се обезбедат во соработка со Про Локал и Холандската амбасада. Советникот Сашо Михајловски ја пофали иницијативата сите сме да се подржи, но при тоа да се направи и поквалитетно односно покривот да се направи подобра реконструкција не само летви ќе бидат потребни и да се сменат некој чатми потребни се повеќе средства за покривот, за таа цел ќе помогне и фирмата која користи дел од просториите за откуп на тутун. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски го поздрави вакиот предлог се согласи треба да се даде подршка на проектот. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 5. Предлози и прашања***

***Барање од Библиотека АЛ-Би с.Бабино***

***Имаше доставено три барања***

1.Барањето се однесува за финансиски средства за одбележување на 20 од постоењето. Бидејќи се однесува на финанаска помош советниците предложија да се разгледува после завршување на изборниот процес.

2.Барње за поставување 3-4 контењери

Советничката Сандра Пејковска истакна убаво е да се постават контењери сите сме за заштита на животната средина ако има можност.

3. Решавање на инфраструктурни проблеми односно прометот со вода за пиење.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се даде подршка.

***Барање од МЗ Брезово***

Барањето се однесува на објектот во селото кој е сопственост на општината е дадена на лице кое не го користи објектот затоа се бара да се даде на друго лице кој ќе отвори продавница за потребите на месното население.

Советниците се согласија и ова барање да се разгледува после завршување на изборниот процес.

Претставникот на општината Александра Трајковска ги извести советниците, бидејќи има забелешка од Одделението за водење на матична евиденција за неприсуство на советниците при склучување на брак што е и законска обврска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја презеде обврската тој да констактира со советниците кога има потреба од советник за склучување на брак. Советничката Марина Димитријовска забележа ние сме избрани лица и треба да ги почитуваме вработените во општината кои се присутни на седница, забелешката се однесување за постапката со претставник од општината Катерина Огненовска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни како претседател на совет се грижи за работата на советот и никогаш на никој не му е скратено правото да го каже своето мислење, но секако треба да има ред кога на некој ќе му се даде збор да дискутира, а не сите одеднаш да зборуваат со што се нарушува редот. Вработените се тука да дадат појаснување ако побара некој од советниците и тогаш кога ќе му се даде збор. Кога ги ставам точките на дневен ред сметам дека има потреба за некој проблем да се дискутира така беше и случајот за изградбата на фотоволтаици во Слепче. Таму има реакција и сметав дека треба да помогниме двете страни да седнат и да се договорат, не е добро ни за инвеститорот да гради ако има отпор од месното население. Советничката Сандра Пејковска додаде треба да се вклучат повеќе лица од месното население треба да се најде решение неспоиво е фотоволтаици и игралиште на исто место. Дискусијата беше исцрпена. Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 497/2
23.05. 2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.